РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 03-180/5
08.04 2026 год.
СКОПЈЕ



Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта oou-blazhekoneski-aerodrom@schools.mk

Согласно Законот за основно образование, службен весник на („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 250/25), согласно член 60, член 61 , член 63 и член 113 , Директорот Виолета Ристовска на ООУ„Блаже Конески“ Скопје го донесен следниот :

Протокол
за
упис на првачиња

- Запишувањето на ученици во прво одделение за учебната 2026-2027 ќе се реализира во период од 04.05.2026 до 28.05.2026 год.
- Се повикуваат со термин за опсервација дете и родител/старател по добиен список од општина Аеродром за реонските обврзници
- При уписот задолжително мора да се достави целосната документација и лична карта од родител/старател на увид, во спротивно нема да се разгледуваат.
- Повиканите и дојдени на опсервација со уредна документација се запишуваат први
- Реонски, поканети, а не јавени на опсервација кои се запишуваат во други училишта, задолжително да достават потврда од училиштето каде се запишуваат за да го знаеме бројот на слободни места
- Ученици кои ги нема на списокот од општина, но со место на живеење (по лична карта) се наши реонски обврзници ќе бидат на листа на чекање
- Родителите/старателите на учениците кои не се на списокот за реонизација и немаат лична карта на Реон 1, а имаат живеалиште односно престојувалиште во Општина Аеродром (Реон 1) потребно е да достават **Потврда за живеалиште односно престојувалиште** од Министерство за внатрешни работи или Изјава заверена на нотар **за живеалиште односно престојувалиште** ќе бидат на листа на чекање
- Предност за упис во настава со продолжен престој имаат учениците на кои двајцата родители/старатели се во редовен работен однос (доказ потврда за редовен работен однос и копија М1-М2)

Директор
м-р Виолета Ристовска